Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**Архивски бр. 15-1522/2**

**Дата:**
18-03-2020

**ДО: Центар за развој на Полошкиот плански регион**
**Г-дин Фатмир Саити**
**Ул. Његошева бр. 2**
**1200 Тетово**
**Република Северна Македонија**

ПРЕДМЕТ: **Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина**
**Врска: ваш бр. 0906-40/1 од 28.01.2020 година**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање под **бр. 15-1522/1 од 27.02.2020 година** и доставениот Финален Извештај за стратегиска оценка на животната средина **за Регионален план за управување со отпад за Полошкиот плански регион,** врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава **позитивно мислење** по содржината и обемот на документот.
Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот.
Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во извештајот за Стратегиска оцена на животна средина.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
**м-р Јани Макрадули**

Изработил: Бајрам Цамиќ

Контролирал: Милева Тагасовска

Согласен: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи